Прилог бр.3		Предметна програма од трет циклус на студии
1.	Наслов на наставниот предмет	ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ НА ОРАЛНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА
2.	Код	ДСЈЗС1
3.	Студиска програма	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за стоматолошка протетика
5.	Степен (прв, втор, трет	Трет циклус

	циклус)				
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Јулијана Николовска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Запознавање со економските аспекти на оралното здравје и оралните заболувања, стекнување на основни познавања за економиката во здравството, моделите на фиансирање на стоматолошката здравствена заштита и правата и обврските на корисниците на стоматолошки услуги. Студентот ќе стекне знаење за значењето на оралното здравје и примена на економски анализи во стоматологијата, предности и недостатоци на моделите на финансирање на стоматолошката здравствена заштита и правата и обврките на корисниците на стоматолошки услуги.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава:** 1. Економски аспекти на здравјето и болестите Студентот ќе биде способен да ги го знае предметот на уредување на здравствената економика и видовите анализи кои се применуваат. 2. Модели на финансирање на стоматолошката здравствена заштита. Студентот ќе биде оспособен да ги опиште постоечките модели на финансирање на стоматолошката здравствена заштита. 3. Модели и начини на финансирање на стоматолошката здравствена заштита во земјите-членки на Европската унија. Студентот ќе биде оспособен да ги опиште постоечките модели и начини на финансирање на стоматолошката здравствена заштита во земјите членки на ЕУ. 4. Модел на финансирање на стоматолошката здравствена заштита во Република Северна Македонија. Студентот ќе биде оспособен да го опише националниот систем на финансирање на стоматолошката здравствена заштита 5. Права и обврски на јавните здравствените установи од областа на стоматологијата во националниот систем на финансирање на			

		здравствената заштита Студентот ќе биде способен да ги дискутира за правата и обврските кои постојат во системот и организацијата на здравствената заштита а се однесуваат на правата, должностите и одговорноста на јавните здравствени установи. 6. Права и обврски на приватните здравствените установи од областа на стоматологијата во националниот систем на финансирање на здравствената заштита Студентот ќе биде способен да ги дискутира за правата и обврските кои постојат во системот и организацијата на здравствената заштита а се однесуваат на правата, должностите и одговорноста на приватните здравствени установи со и без договор со Фондот за здравствено осигурување. 7. Права и обврски на осигурениците кои произлегуваат од задолжителното здравствено осигурување од областа на стоматолошката здравствена заштита Студентот ќе биде оспособен да дискутира за правата и обврските на осигуренците кои произлегуваат од задолжителното здравствено осигурување а се однесуваат за обезбедување на стоматолошки услуги. 8. Права и обврски на пациентите при користење на стоматолошки услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување Студентот ќе биде оспособен да дискутира за заштитата на правата на пациентите во користењето на стоматолошките услуги, должностите на здравствените установи и здравствените работници, заштитата на правата на пациентите и постапката за заштита на правата на пациентите 9. Улогата на маркетингот во превенција на оралните заболувања и унапредување на оралното здравје Студентот ќе биде оспособен да дискутира за улогата на маркетингот во превенција на оралните заболувања и унапредување на оралното здравје преку користење на маркетинг миксот. 10. Идни можни концепти на финансирање на стоматолошката здравствена заштита и развој на националниот систем на превенција на оралните заболувања и унапредување на оралното здравје Студентот ќе биде способен да ги препознае трендовите на финансирање на стоматолошката здравствена заштита, улогата на државата во финансирањето и економските последици по населението предизвикани од оралните заболувања Вкупно:.....45 часа
13	Заемна поврзаност на предметите	Јавно здравствени аспекти во геронтостоматологијата
14.		- Презентација на методските единици од страна на професорот;

<table>
<tr><td></td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">- Дискусија на часовите за методските единици;
- Дискусија на студентите со професорот за најновата литература поврзана со содржините на предметот.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">180 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања- теоретска настава. часови</td><td>45</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>30</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Пракса: часови</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>20</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>25</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>60</td></tr>
<tr><td>18</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">Редовна посета на предавања, семинари, активност на истите и освојување на минимум 60 бода од предвидените активности.</td></tr>
<tr><td rowspan="4">19</td><td colspan="4">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td>19.1.</td><td>Тестови: бодови</td><td colspan="2">40</td></tr>
<tr><td>19.2.</td><td>Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови</td><td colspan="2">20</td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td>Завршен испит: бодови</td><td colspan="2">40</td></tr>
<tr><td rowspan="6">20</td><td rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 85 до 92 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 93 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>21.</td><td>Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="3">Самоевалуација од страна студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација.</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.</td><td colspan="4">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.1.</td><td colspan="4">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Selimovic – Dragas M, i sor.</td><td>Javno oralno zdravje</td><td>Stomatoloski fakulteta sa klinikama Univerziteta u Sarajevu</td><td>2020</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Николовска Ј, Коколански В.</td><td>Авторизирани предавања</td><td>Стоматолошки факултет - Скопје</td><td>2023</td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>

	22.2.	Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Донев Д., Спасовски М., Тозија Ф., Ќосевска Е.	Социјална медиицна	Медицински факултет - Скопје	2013
		2.	Tulchinsky T, Varavikova E.	The new public heath:Third Edition.	Elsevier, Academic Press	2014
		3.				